# ОПШТИНА ТЕТОВО

# KOMUNA E TETOVËS

*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ТЕТОВО*

*FLETORJA ZYRTARE E KOMUNËS SË TETOVËS*


| Излегува<br>по потреба | Б р о ј<br>**19** | 26.12.2014г. |
|---|---|---|

| Botohet<br>sipas nevojës | N u m ë r<br>**19** | 26.12. 2014 |
|---|---|---|

Тетово, декември 2014 год.

Tetovë, dhjetor 2014

________________________________

***Издава Општина Тетово***

________________________________

***E boton Komuna e Tetovës***

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“, бр.5/02) и член 52 од Статутот на општина Тетово, (“Службен гласник на општина Тетово“, бр.14/06), донесувам

Në bazë të nenit 50 paragrafi 1 pika 3 të Ligjit për vetëqeverisje lokale (“Gazeta zyrtare e RM”, nr. 5/02) dhe nenit 52 të Statutit të Komunës së Tetovës (“Fletorja zyrtare e Komunës së Tetovës”, nr. 14/06), marr ;

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Тетово за 2015 година .

A K T V E N D I M

për shpalljen e Programit për punën e Këshillit të Komunës së Tetovës për vitin 2015

1. Се објавува програмата за работа на Советот на Општина Тетово за 2015 година, бр.07-4859/2, што ја донесе Советот на Општина Тетово на седницата одржана на ден 25.12.2014 година.

1. Shpallet Programi për punën e Këshillit të Komunës së Tetovës për vitin 2015 nr. 07-4859/2 që e miratoi Këshilli i komunës së Tetovës në mbledhjen e mbajtur më 25.12.2014.

2. Програмата да се објави во “Службен гласник на општина Тетово“.

2. Programi të shpallet në “Fletoren zyrtare të komunës së Tetovës”.

Бр.08- 4947/1
26.12.2014
Т е т о в о

Општина Тетово
Градоначалник,
Теута Арифи, с.р.

Nr.08- 4947/1
26.12.2014
T e t o v ë

Komuna e Tetovës
Kryetar,
Teuta Arifi, d.v.

Врз основа на член 95 и 96 од Деловникот за работа на Советот на Општина Тетово („Службен гласник бр.5/2005),Советот на Општина Тетово на седницата одржана на ден 25.12. 2014 година донесе

П Р О Г Р А М А
за работа на Советот на Општина Тетово за 2015 година

Со оваа Програма се утврдуват приоритетите во донесување на прописи за извршување на надлежностите на општина Тетово како единица на локална самоуправа согласно Законот за локалната самоуправа и другите законски и подзаконски акти кои ги регулираат надлежностите на општината, како и динамиката за нивната реализација во текот на 2015 година.

Роковите за разгледување на програмските материјали, се утврдени во два временски периоди:

Јануари - Јуни и Јуни – Декември.

Во текот на 2015 година, Советот на Општина Тетово својата работа ќе ја фокусира во разгледување и усвојување на следните прописи:

**I. ПЕРИОД : ЈАНУАРИ -ЈУНИ – 2015**

1.Извештај за работата на Советот на Општина Тетово за 2014 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Претседателот на Советот па Општина Тетово.

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за нормативно-правни и административни работи

Në bazë të nenit 95 dhe 96 të Rregullores për punën e Këshillit të Komunës së Tetovës ("Fletorja zyrtare e Komunës së Tetovës" nr. 5/2005), Këshilli i Komunës së Tetovës në mbledhjen e bërë me dt.25.12. 2014, mori

P R O G R A M
për punën e Këshillit të Komunës së Tetovës gjatë vitit 2015

Me këtë Program përcaktohen prioritetet në miratimin e normave për realizimin e kompetencave të komunës së Tetovës si njësi e vetëqeverisjes lokale, në pajtim me Ligjin e vetëqeverisjes lokale dhe aktet tjera ligjore e nënligjore, që i rregullojnë kompetencat e komunës, si dhe dinamika e realizimit të tyre gjatë vitit 2015.

Afatet e shqyrtimit të materialeve programore, janë përcaktuar në dy periudha kohore:

Janar - Qershor dhe Qershor – Dhjetor.

Gjatë vitit 2015, Këshilli i Komunës së Tetovës, punën e tij do ta fokusojë në shqyrtimin dhe miratimin e akteve si më poshtë:

**I. PERIUDHA: JANAR–QERSHOR- 2015**

1. Raport për punën e Këshillit të Komunës së Tetovës gjatë vitit 2014

PROPOZUES : Kryetari i Këshillit të Komunës së Tetovës.

PËRPILUES: Sektori i punëve normative-juridike dhe administrative

2.Финансиски планови на општинските основни и средни училишта и на Детската градинка за 2015 година

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ:Секторот за финансиски прашања

2. Planet financiare të shkollave fillore dhe të mesme komunale dhe Kopshtit të fëmijëve gjatë vitit 2015.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori për çështje financiare.

3. Извештаи за работа на општинските јавни претпријатија за 2014 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово.
ИЗГОТВУВАЧ : Администрација на ЈП.

3. Raporte për punën e ndërmarrjeve publike komunale gjatë vitit 2014.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Administrata e NP.

4. Програми за работа на општинските јавни претпријатија за 2015 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово.
ИЗГОТВУВАЧ:Администрација на ЈП.

4. Programi i punës së ndërmarrjeve publike komunale gjatë vitit 2015.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Administrata e NP.

5. Извештај за реализација на капитални инвестици во Општина Тетово за 2014 година

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за урбанизам, комунална дејност и животна средина

5. Raport mbi realizimin e Investimeve kapitale në Komunën e Tetovës gjatë vitit 2014

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori i urbaniymit, veprimtarive komunale dhe mjedisit jetësor

**6.**Програма за капитални инвестици за 2015 година

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за урбанизам, комунална дејност и животна средина

**6.** Programi i investimeve kapitale gjatë vitit 2015.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori i urbaniymit, veprimtarive komunale dhe mjedisit jetësor

8. Програма за изработка на урбанистички

8. Programi i përpunimit të planeve urbanistike

планови во општина Тетово за 2015 год.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, комунална дејност и животна средина

9. Програма за изработка на локална урбанистичка планска документација на општина Тетово за 2015 година
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, комунална дејност и животна средина

10. Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици во општина Тетово за 2015 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за сообраќај, патишта и градежно земјиште

11. Програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Тетово за 2015 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Оделение за комунални дејности

12. Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јавните површини на подрачјето на Општина Тетово за 2015 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Оделение за комунални дејности

në komunën e Tetovës gjatë vitit 2015.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës
PËRPILUES: Sektori i urbaniymit, veprimtarive komunale dhe mjedisit jetësor

9. Programi i përpunimit të dokumentacionit urbanistik planor lokal i komunës së Tetovës gjatë vitit 2015
PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori i Urbaniymit, veprimtarive komunale dhe mjedisit jetësor.

10. Programi i ndërtimit dhe rikonstruktimit të rrugëve dhe udhëve lokale në komunën e Tetovës gjatë vitit 2015.

PROPOZUES :Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES:Sektori i komunikaciot, rugëve dhe tokës ndërtimore.

11. Programi për mirëmbajtjen e pastërtisë publike në territorin e Komunës së Tetovës gjatë vitit 2015.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Seksioni i veprimtarive komunale

12. Programi i dezifenktimit, dezisenktimit dhe deratizimit të sipërfaqeve publike në territorin e Komunës së Tetovës gjatë vitit 2015.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Seksioni i veprimtarive komunale

13. Програма за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Тетово за 2015 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Оделение за јавни дејности

13. Programi për mbrojtjen e popullatës nga sëmundjet ngjitëse në territorin e Komunës së Tetovës gjatë vitit 2015.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Seksioni i veprimtarive publike

14. План за запишување на ученици во првата година на средните училишта за учебната година 2015/2016 во Општина Тетово.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности.

14. Plani për regjistrimin e nxënësve në vitin e parë të shkollave të mesme për vitin shkollor 2015/2016 në Komunën e Tetovës.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori i Veprimtarive publike.

15. Програма за одбележување на „3 Март„ денот на Општина Тетово за 2015 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за информирање и поддршка на работата на Градоначалникот.

15. Programi për shënimin e "3 Marsit", Dita e Komunës së Tetovës, gjatë vitit 2015.

PROPOZUES :Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori i informimit dhe përkrahje të punës së Kryetarit

16. Одлука за усвојување на завршната сметка на Буџетот на Општина Тетово за 2015 година.
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово.
ИЗГОТВУВАЧ: Секторот за финансиски прашања

16. Vendim për miratimin e llogarisë përfundimtare të Buxhetit të Komunës së Tetovës për vitin 2015.
PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës.

PËRPILUES: Sektori i çështjeve financiare.

17. Извештај за користење на средствата од резерви за 2014

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово.
ИЗГОТВУВАЧ: Секторот за финансиски

17. Raport për shfrytëzimin e mjeteve nga rezervavt e vitit 2014

PROPOZUES :Kryetari i Komunës së Tetovës.

PËRPILUES: Sektori i çështjeve financiare.

прашања

18.Одлука за усвојување на завршните сметки на општинските јавни претпријатија за 2015 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово.
ИЗГОТВУВАЧ:Администрација на ЈП.

19.Одлука за усвојување на завршните сметки на општинските основни и средни Училишта и на Детската градинка од за 2015 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ:Администрација на основните и средните училишта и ЈУДГ „Младост„

20.Одлуки за именување и преименување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за нормативно-правни и административни работи

22. Квартални извештаи за извршување на Буџетот на Општина Тетово во текот на 2015 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за финансиски прашања

23. Одлуки за воспоставување на меѓународна соработка и збратимување на општина Тетово со други Општини во текот на 2015 година.

18. Vendim për miratimin e llogarive përfundimtare të ndërmarrjeve publike komunale gjatë vitit 2015.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës
PËRPILUES: Administrata e NP.

19. Vendim për miratimin e llogarive përfundimtare të shkollave fillore e të mesme komunale dhe Kopshtit të fëmijëve gjatë vitit 2015.

PROPOZUES :Kryetari i Komunës së Tetovës
PËRPILUES: Administrata e shkollave fillore e të mesme dhe IPKF “Mlladost”

20. Vendime për emërimin dhe riemërimin e emrave të rrugëve, shesheve, urave dhe objekteve të tjera infrastrukturore

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës
PËRPILUES: Sektori i punëve normative-juridike dhe administrative

22. Raporte tremujore mbi realizimin e Buxhetit të Komunës së Tetovës gjatë vitit 2015.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës
PËRPILUES: Sektori i çështjeve financiare.

23. Vendime për krijimin e bashkëpunimit ndërkombëtar dhe binjakëzimit të komunës së Tetovës me komuna të tjera gjatë vitit 2015.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за информирање и поддршка на работата на Градоначалникот.

PROPOZUES :Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori i informimit dhe përkrahjes së punës të Kryetarit.

24. Годишен извештај за јавната безбедност и за безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Тетово на Командирот на Полициска станица Тетово

24. Raport vjetor të sigurisë publike dhe sigurisë në komunikacionin e territorit të komunës së Tetovës i Komandantit të Stacionit policor të Tetovës

ПРЕДЛАГАЧ: Командирот на Полициска станица Тетово
ИЗГОТВУВАЧ:Командирот на Полициска станица Тетово

PROPOZUES : Komandanti i stacionit policor të Tetovës.
PËRPILUES: Komandanti i stacionit policor të Tetovës.

**II.ПЕРИОД: ЈУНИ-ДЕКЕМВРИ 2015**

**II.PERIUDHA: QERSHOR-DHJETOR 2015**

1.Програмата за работа на Советот на Општина Тетово за 2015 година.

1. Programi i punës së Këshillit të Komunës së Tetovës gjatë vitit 2015.

ПРЕДЛАГАЧ: Претседателот на Советот па Општина Тетово.
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за нормативно-правни и административни работи

PROPOZUES : Kryetari i Këshillit të Komunës së Tetovës.
PËRPILUES: Sektori i punëve normative-juridike dhe administrative

25. Извештаи за работа на општинските основни и средни училишта и ОЈУДГ „Младост„ за учебна година 2014/2015

25. Raportet për punën e shkollave fillore dhe të mesme komunale dhe IPKF “Mlladost” gjatë vitit shkollor 2014/2015

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово.
ИЗГОТВУВАЧ:Администрација на основните и средните училишта и на ОЈУДГ „Младост„

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës.

PËRPILUES: Administrata e shkollave fillore e të mesme komunale dhe IPKF “Mlladost”.

26. Програми за работа на општинските основни и средни училишта и и ОЈУДГ „Младост„ за учебна година 2015/2016

26. Programet e punës të shkollave fillore dhe të mesme komunale dhe IPKF “Mlladost” gjatë vitit shkollor 2015/2016.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës.

Тетово.
ИЗГОТВУВАЧ: Администрација на основните и средните училишта и на ОЈУДГ „Младост„

PËRPILUES: Administrata e shkollave fillore e të mesme komunale dhe ajo e IPKF “Mlladost”.

28. План за изведување на училишни екскурзии на општинските основни училишта за учебна година 2015/2016

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово.
ИЗГОТВУВАЧ: Администрација на основните училишта

28. Plani i realizimit të ekskursioneve shkollore të shkollave fillore komunale gjatë vitit shkollor 2015/2016

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës.
PËRPILUES: Administrata e shkollave fillore

29. Квартални Извештаи за работата и за финасиското работење на општинските јавните претпријатиа во текот на 2015 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Администрацијата на ЈП.

29. Raportet tremujore për punën dhe punën financiare të ndërmarrjeve publike komunale gjatë vitit 2015.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës.

PËRPILUES: Administrata e NP.

30. Одлука за усвојување на Генерален урбанистички план (ГУП) на град Тетово.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, комунална дејност и животна средина

**30.** Vendim për miratimin e Planit Urbanistik të përgjithshëm (PGJU) të qytetit të Tetovës.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës.

PËRPILUES: Sektori i Urbanizmit, veprimtarive komunale dhe mjedisit jetësor.

**31.** Извештај за опфатот на учениците во основното и средното образование во општина Тетово за учебната година 2015/2016.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за јавни дејности.

**31.** Raport mbi përfshirjen e nxënësve në shkolla fillore e të mesme në Komunën e Tetovës gjatë vitit shkollor 2015/2016.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori për Veprimtari publike.

32. Извештај за работите од областа на сообраќајот и за одржување на хоризонталната и вертикалната сообраќајна

32. Raport për punët në fushën e komunikacionit dhe për mirëmbajtjen e sinjalizimit horizontal dhe vertikal të

сигнализација во патиштата на Општина Тетово

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово.
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за сообраќај, патишта и градежно земјиште

komunikacionit në udhët e Komunës së Tetovës

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori për Komunikacion dhe udhë

33 Предлог-Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина Тетово за 2015 година (по потреба).

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

33. Propozim-Vendim për ndryshimin dhe plotësimin (Rebalancin) e Buxhetit të Komunës së Tetovës për vitin 2015 (sipas nevojës).

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori për Financa.

34. Програма за зимско одржување на локалните улици и патишта на подрачјето на Општина Тетово за 2015 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Оделение за комунални дејности

34. Programi i mirëmbajtjes së udhëve dhe rrugëve lokale në territorin e Komunës së Tetovës gjatë stinës së dimrit të vitit 2015.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES:Seksioni i veprimtarive komunale

35. Експозе на Градоначалникот на Општина Тетово, за работата и реализираните активности во 2015 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за информирање и поддршка на работата на Градоначалникот

35. Ekspoze e kryetarit të Komunës së Tetovës, për punën dhe aktivitetet e realizuara gjatë vitit 2015.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori i informimit dhe përkrahjes së punës të Kryetarit të komunës.

36.Програми за активноста на Општина Тетово за 2016 година во областа на образованието, културата, спортот, младите и социјалната заштита.

36. Programi i aktiviteteve të Komunës së Tetovës në fushën e arsimit, kulturës, sportit, të rinjëve dhe mbrojtjes sociale gjatë vitit 2016

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori i Veprimtarive publike.

37.Програма за уредување на градежното земјиште и комунални дејности на подрачјето на Општина Тетово за 2016 год.

37. Programi i rregullimit të tokës ndërtimore dhe veprimtarive komunale në territorin e Komunës së Tetovës gjatë vitit 2016

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, комунална дејност и животна средина

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori i Urbaniymit, veprimtarive komunale dhe mjedisit jetësor.

38.Програма за располагање со градежното земјиште на подрачјето на Општина Тетово за 2016 год.

38. Programi i menaxhimit me tokën ndërtimore në territorit e Komunës së Tetovës gjatë vitit 2016.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за сообраќај, патишта и градежно земјиште

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës

PËRPILUES: Sektori i komunikacion, rrugëve dhe tokës ndërtimore.

**40.** Предлог-Буџет на Општина Тетово за 2016 година
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за финансиски прашања

**40.** Propozim-Buxheti i Komunës së Tetovës për vitin 2016 me Vendim për realizimin e Buxhetit.

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës
PËRPILUES: Sektori i çështjeve financiare

**41.** Предлог- Одлука за извршување на Буџетот на Општина Тетово за 2016 година

**41.** Propozim-Vendimi i realizimit të Buxhetit të komunës së Tetovës për vitin 2016

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Тетово
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

PROPOZUES : Kryetari i Komunës së Tetovës
PËRPILUES: Sektori i çështjeve financiare

Материјалите предвидени за работа на

Materialet e parapara për punën e këshillit të

Советот на општина Тетово за 2015 година, надлежните предлагачи и изготвувачи треба да ги подготват навремено, односно, да се придоржуват на роковите утврдени со ова Програма.

Пред одржувањето на седниците на Советот, материјалите ќе се разгледуваат од надлежните комисии на Советот кои ќе заземаат ставови кои ги изнесува пред Советот како орган за одлучување.

Освен разгледувањето на предложените акти во Програмата за работа, Советот во текот на годината за која е донесена Програмата може да разгледува и усвојува и други акти кои ќе произлезат од тековната работа на општина Тетово, од изменети или од донесени нови законски и подзаконски прописи како и од други причини

Ова Програма влегува во сила 8-от од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Тетово„.

Бр.07-4859/2
25.12. 2014
Т е т о в о

Совет на општина Тетово
Претседател,
Хисен Џемаили, с.р.

komunës së Tetovës gjatë vitit 2015, propozuesit kompetentë dhe përpiluesit duhet t'i përgatitin në kohë, respektivisht t'u përmbahen afateve të caktuara me këtë Program.

Para mbajtjes së mbledhjeve të Këshillit, materialet do të shqyrtohen nga komisionet kompetente të Këshillit, të cilat do të marrin qëndrime që pastaj i propozohen Këshillit si organ vendimmarrjeje.

Përveç shqyrtimit të akteve të propozuara në Programi e punës, Këshilli gjatë vitit të cilit i referohet programi, mund të shqyrtojë dhe miratojë edhe akte të tjera, që mund të dalin gjatë punës vijuese të komunës së Tetovës, nga ligjet dhe aktet nënligjore të miratuara si dhe nga shkaqe të tjera.

Ky Program hyn në fuqi ditën e 8-të nga dita e shpalljes në "Fletoren zyrtare të Komunës së Tetovës".

Nr.07-4859/2
25.12. 2014
T e t o v ë

Këshilli i komunës së Tetoves
Kryetar,
Hisen Xhemaili, d.v.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“, бр.5/02) и член 52 од Статутот на општина Тетово, (“Службен гласник на општина Тетово“, бр.14/06), донесувам

Në bazë të nenit 50 paragrafi 1 pika 3 të Ligjit për vetëqeverisje lokale (“Gazeta zyrtare e RM”, nr. 5/02) dhe nenit 52 të Statutit të Komunës së Tetovës (“Fletorja zyrtare e Komunës së Tetovës”, nr. 14/06), marr ;

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Буџетот на општина Тетово за 2015 година.

A K T V E N D I M
për shpalljen e Buxheti i komunës së Tetovës për vitin 2015 .

1. Се објавува Буџетот на општина Тетово за 2015 година, бр.07-4859/3, што ја донесе Советот на Општина Тетово на седницата одржана на ден 25.12.2014 година.

1. Shpallet Buxheti i komunës së Tetovës për vitin 2015 nr. 07-4859/3 që e miratoi Këshilli i komunës së Tetovës në mbledhjen e mbajtur më 25.12.2014.

2. Буџетот да се објави во “Службен гласник на општина Тетово“.

2. Buxheti të shpallet në “Fletoren zyrtare të komunës së Tetovës”.

Бр.08- 4947/2
26.12.2014
Т е т о в о

Општина Тетово
Градоначалник,
Теута Арифи, с.р.

Nr.08- 4947/2
26.12.2014
T e t o v ë

Komuna e Tetovës
Kryetar,
Teuta Arifi, d.v.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„, бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ",бр.61/2004, 96/2004 и 67/2007), Советот на општина Тетово на 18 седница одржана на 25.12.2014 година, донесе

Në bazë të nenit 36 paragrafi 1 pika 2 të Ligjit për vetëqeverisje lokale ("Gazeta zyrtare e RM, nr. 5/2002) dhe nenit 28 paragrafi 1 të Ligjit për financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale ("Gazeta zyrtare e RM", nr. 61/2004, 96/2004 dhe 67/2007), Këshilli i komunës së Tetovës në mbledhjen e 18 mbajtur më 25.12.2014, miratoi

## Б У Џ Е Т
на општина Тетово за 2015 година

## BUXHETIN
e komunës së Tetovës për vitin 2015

I.Општ дел

I. Pjesa e përgjithshme

Член 1

Буџет на општина Тетово за 2015 година се состои од:

| | |
|---|---|
| I.ВКУПНИ ПРИХОДИ | 1.736.581.622 |
| Даночни приходи | 453.130.000 |
| Неданочни приходи | 94.743.821 |
| Капитални приходи | 219.650.000 |
| Приходи од дотации | 856.842.000 |
| Трансфери | 99.364.578 |
| Приходи од донации | 12.851.223 |
| II.ВКУПНИ РАСХОДИ | 1.736.581.622 |
| Од утврдени намени | 1.729.081.622 |
| Резерви | 7.500.000 |
| III.Д Е Ф И Ц И Т | 0 |
| IV.Финансирање | 0 |
| Прилив | 0 |
| Домашни приливи | 0 |
| Приливи од странски заем | 0 |
| Одлив | 0 |
| Отплата на главница | 0 |

Neni 1

Buxheti i komunës së Tetovës për vitin 2015 përbëhet nga

| | |
|---|---|
| **I.** TË HYRA TË PËRGJITHSHME | 1.736.581.622 |
| Të hyra tatimore | 453.130.000 |
| Të hyra jotatimore | 94.743.821 |
| Të hyra kapitale | 219.650.000 |
| Të hyra nga dotacionet | 856.842.000 |
| Transfere | 99.364.578 |
| Të hyra nga donacionet | 12.851.223 |
| II.TË HYRA TË PËRGJITHSHME | 1.736.581.622 |
| Nga destinimet e vërtetuara | 1.729.081.622 |
| Rezerva | 7.500.000 |
| III. DEFICITI | 0 |
| IV. Financim | 0 |
| Prurje | 0 |
| Prurje vendore | 0 |
| Prurje nga huatë e jashtme | 0 |
| Dalje | 0 |
| Pagesa e pjesës kryesore | 0 |

Член 2

Приходите од Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

Член 3

Оваа одлука стапува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Тетово,,.

Бр.07-4859/3 Совет на општина Тетово
25.12.2014 Председател,
Т е т о в о Хисен Џемаили, с.р.

Neni 2

Të hyrat e Buxhetit sipas llojeve të të hyrave janë caktuar në bilancin e të hyrave, kurse të dalat mbi destinimet bazike janë caktuar në bilancin e të dalave, si më poshtë:

Neni 3

Ky vendim hyn në fuqi në ditën e 8-të nga dita e shpalljes në “Fletoren zyrtare të komunës së Tetovës”.

Nr.07-4859/3 Këshilli i komunës së Tetovës
25.12.2014 Kryetar,
T e t o v ë Hisen Xhemaili, d.v.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“, бр.5/02) и член 52 од Статутот на општина Тетово, (“Службен гласник на општина Тетово“, бр.14/06), донесувам

Në bazë të nenit 50 paragrafi 1 pika 3 të Ligjit për vetëqeverisje lokale (“Gazeta zyrtare e RM”, nr. 5/02) dhe nenit 52 të Statutit të Komunës së Tetovës (“Fletorja zyrtare e Komunës së Tetovës”, nr. 14/06), marr ;

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Тетово за 2015 година .

A K T V E N D I M
për shpalljen e Vendimit për realizimin e Buxhetit të Komunës së Tetovës për vitin 2015.

1. Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на општина Тетово за 2015 година, бр.07-4859/4, што ја донесе Советот на Општина Тетово на седницата одржана на ден 25.12.2014 година.

1. Shpallet Vendimi për realizimin e Buxhetit të Komunës së Tetovës për vitin 2015 nr. 07-4859/4 që e miratoi Këshilli i komunës së Tetovës në mbledhjen e mbajtur më 25.12.2014.

2. Одлуката да се објави во “Службен гласник на општина Тетово“.

2. Vendimi të shpallet në “Fletoren zyrtare të komunës së Tetovës”.

Бр.08- 4947/3
26.12.2014
Т е т о в о

Општина Тетово
Градоначалник,
Теута Арифи, с.р.

Nr.08- 4947/3
26.12.2014
T e t o v ë

Komuna e Tetovës
Kryetar,
Teuta Arifi, d.v.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011 и 169/13), Советот на општина Тетово, на седницата одржана на ден 25.12.2014 година, донесе

ОДЛУКА
за извршување на Буџетот на општина Тетово за 2015 година

Член 1
Буџетот на општина Тетово за 2015 година се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2
Буџетските корисници на Буџетот на општината се должни утврдените средства во Буџетот на општината да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

Член 3
Износите на трошоците утврдени со Буџетот се лимитирани износи над кои не можат да се преземат обврски. За да се преземат нови обврски со Буџетот, треба да се предвидат нови извори на средства или да се намалат другите трошоци во сразмерен износ.

Член 4
Ако средствата утврдени со Буџетот за одделни намени се недоволни, корисниците на средствата треба да

Në bazë të nenit 36 paragrafi 1 pika 2 të Ligjit për vetëqeverisje lokale ("Gazeta zyrtare e RM", nr. 5/2002) dhe nenit 23 paragrafi 8 të Ligjit për finansimin e njësive të vetqeverisjes lokale ("Gazeta zyrtare e RM", nr. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011 dhe 169/13), Këshilli i Komunës së Tetovës në mbledhjen e bërë 25.12.2014, mori

VENDIM
për realizimin e Buxhetit të Komunës së Tetovës për vitin 2015

Neni 1
Buxheti i Komunës së Tetovës për vitin 2015 realizohet sipas dispozitave të këtij Vendimi.

Neni 2
Shfrytëzuesit buxhetorë të Buxhetit të komunës obligohen që mjetet e përcaktuara në Buxhetin e komunës t’i shfrytëzojnë në mënyrë të destinuar, racionale, ekonomike dhe efikase.

Neni 3
Vlerat e shpenzimeve të përcaktuara me Buxhetin janë shuma të limituara mbi të cilat nuk mund të merren obligime. Për t'u marrë obligime të reja me Buxhetin, duhet të parashihen burime të reja të mjeteve ose të bëhet zvoglimi i shpenzimeve të tjera në vlerë proporcionale.

Neni 4
Nëse mjetet e përcaktuara me Buxhet për qëllime të caktuara janë të pamjaftueshme, shfrytëzuesit e mjeteve duhet të nisin

покренат иницијатива за ребаланс на Буџетот.

Член 5

Буџетските корисници од локалната власт, средствата можат да ги користат само доколку во рок од 20 дена од денот на донесувањето на Буџетот до Трезорот при Министерството за Финансии достават финансиски годишен план по квартали за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки.

Во текот на годината, буџетските корисници од локалната власт можат да достават барање за измена на годишниот финансиски план по квартали за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно да доставуваат образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Член 6

Платите на избраните и именуваните лица во општинската администрација се исплаќаат согласно одредбите на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

Платата на градоначалникот на општина Тетово се утврдува според коефициентите за утврдување на платата на градоначалникот од Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во

iniciativë për rebalancin e Buxhetit.

Neni 5

Shfrytëzuesit buxhetorë të pushtetit lokal mund t’i shfrytëzojnë mjetet vetëm nëse në afat prej 20 ditësh nga dita e miratimit të Buxhetit, në Trezorin e Minitrisë së Financave paraqesin planin vjetor financiarë në kuartale, për shfrytëzimin e mjeteve sipas llogarive, programeve, nënprogramve dhe zërave.

Gjatë vitit, shfrytëzuesit buxhetorë të pushtetit lokal mund të dorëzojnë kërkesë për ndryshimin e planit financiarë në kuartale, për shfrytëzimin e mjeteve sipas llogarive, programeve, nënprogramve dhe zërave vetëm nëse bëhet fjalë për shpenzme të cilat nuk kanë mund të planifikohen me kohë dhe për të njëjtat duhet të dorëzojnë arsyetim dhe planin finaciarë vjetorë të reviduar në kuartale.

Neni 6

Pagat e personave të zgjedhur e të emëruar në administratën komunale paguhen në pajtim me dispozitat e Ligjit për pagat dhe kompenzime të tjera të deputetëve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë, dhe personave tjerë të zgjedhur dhe të emëruar në Republikë.

Paga e kryetarit të komunës së Tetovës vërtetohet sipas koeficientëve për përcaktimin e pagës së kryetarit të Ligjit për paga dhe shpenzime të tjera të deputetëve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë dhe personave të tjerë të zgjedhur dhe të emëruar në Republikë që në pajtim me numrin e banorëve të

Републиката кој согласно бројот на жители на општина Тетово изнесува 3,40.

Член 7

На Членовите на Советот на општина Тетово им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот .

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој Член се обезбедуваат во Буџетот на општина Тетово.

Член 8

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година, но не повеќе од 70%.

Член 9

На претседателот на Советот, за раководење и организирање на работата на Советот, надоместокот од Член 8 се зголемува за 30%.

Член 10

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплаќа за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплаќа доколку Членот на Советот не присуствувал ниту на една седница на

komunës së Tetovës është 3,40.

Neni 7

Anëtarëve të Këshillit të komunës së Tetovës u takon kompenzim mujor për prezencë në mbledhjet e Këshillit.

Mjetet për pagesën e kompenzimeve nga paragrafi 1 i këtij neni sigurohen në buxhetin e komunës së Tetovës.

Neni 8

Kompenzimi mujor për prezencë në mbledhjet të Këshillit përcaktohet në vlerë me përqindje nga paga neto mesatare mujore në Republikë, e paguar për vitin paraprak por jo më shumë se 70%.

Neni 9

Kryetarit të Këshillit për udhëheqje dhe organizim të punës së Këshillit, kompenzimi nga neni 8 rritet për 30%.

Neni 10

Kompenzimi mujor për prezencë në mbledhjet të Këshillit paguhet për pjesëmarrje në të gjitha mbledhjet e Këshillit gjatë muajit rrjedhës.

Kompenzimi mujor për prezencë në mbledhjet e Këshillit zvogëlohet për 30% për çdo mungesë në mbledhjet e Këshillit.

Kompenzimi mujor për prezencë në mbledhjet e Këshillit nuk paguhet në qoftëse anëtari i Këshillit nuk ka marrë pjesë në asnjë mbledhjet e Këshillit gjatë

Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 11

На Членовите на Советот на општина Тетово им се исплаќаат надоместоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

Член 12

Платите на државните службеници се исплаќаат согласно член 42 и 43 од Законот за државните службеници.

Вредноста на бодот за утврдување на платите на државните службеници распоредени по соодветните звања во општинската администрација на општина Тетово за 2015 година изнесува 76,80 денари. Платите на останатите вработени во општинската администрација кои немаат статус на државни службеници се исплаќаат согласно важечките законски прописи од областа на работните односи, а вредноста на бодот за утврдување на нивните плати за 2015 година изнесува 7997,60 денари.

Член 13

Исплатата на плати на локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Буџетските корисници од

muajit rrjedhës.

Kompenzimi mujor për prezencë në seanca të Këshillit nuk paguhet, në qoftëse Këshilli gjatë muajit rrjedhës nuk ka mbajtur mbledhje.

Neni 11

Anëtarëve të Këshillit të komunës së Tetovës u paguhen kompenzime për udhëtime zyrtare në vend dhe jashtë vendit sipas normave që kanë të bëjnë me nëpunësit shetëror, të punësuar në administratën komunale.

Neni 12

Pagat e nëpunësve shtetëror paguhen në pajtim me nenin 42 dhe 43 të Ligjit për nëpunës shtetërorë.

Vlera e pikës për përcaktimin e pagave të nëpunësve shtetërorë të sistematizuar sipas titujve përkatës në administratën komunale në komunën e Tetovës për vitin 2015 është 73,80 denarësh. Pagat e të punësurëve të tjerë në administratën komunale që nuk kanë statusin e nëpunësve shtetërorë paguhen në pajtim me normat ligjore në fuqi në fushën e marrëdhënieve të punës, kurse vlera e pikës për përcaktimin e pagave të tyre për vitin 2015 është 7997,60 denarë.

Neni 13

Pagesën e pagave në institucionet publike lokale që financohen me bllok dotacione nga Buxheti komunal e kontrollon dhe e miraton Ministria për financa. Shfrytëzuesit buxhetor të institucioneve publike lokale,

локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет се должни два дена пред исплатата на плати до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата како и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, дискета, е-маил и др.) за односниот месец за кој се однесува исплатата (како и во досегашниот период.)

Член 14

Во случај на нови вработувања, буџетските корисници од локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет се должни да достават известувања за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 15

По извршената контрола согласно планираните средства во Буџетот на општината, градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотацијата. Во образецот Ф-1 локалните јавни установи потребно е да отворат нова колона која ќе го означува статусот на институциите, односно ќе се стави буквата Л, што ќе означува - локални јавни установи кои се финансираат од Буџетот на општината.

që do të financohen me bllok dotacione nga Buxheti komunal, janë të obliguar që dy ditë para pagesës së rrogave në komunë, të dorëzojnë kërkesë për miratim të mjeteve për rroga, me të cilën do t'i dorëzojnë formularët PDD-MP dhe MP-1, kopje nga rekapitullimi për përllogaritje të pagave neto dhe bruto, formular F-1 për numrin e të punësuarve me emër e mbiemër, paga bruto dhe neto si dhe të dhëna të tjera në versionin e shkruar dhe elektronik (në CD, disk, e-mail etj.), për muajin përkatës për të cilin ka të bëjë pagesa (sikurse në periudhën e deritanishme).

Neni 14

Në rast të punësimeve të reja, shfrytëzuesit buxhetor të institucioneve publike lokale, që do të financohen me bllok dotacione nga buxheti komunal, janë të obliguar të dorëzojnë njoftime për sigurimin e mjeteve financiare dhe të dorëzojnë formularë M-1.

Neni 15

Pas kontrollimit të kryer, në pajtim me mjetet e planifikuara në Buxhetin e komunës, kryetari i komunës përllogaritjet e veçanta të institucioneve publike lokale, i dorëzon te Ministria përkatëse, prej ku transferohet në bllok dotacionei Në formularin F-1 institucionet publike lokale duhet të hapin kolonë të re e cila do ta shënojë statusin e institucioneve, respektivisht do të shënohet shkronja L, e cila do të ketë domethënie-institucione publike lokale që financohen nga Buxheti i komunës.

Член 16

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои ке се финансираат со блок дотации ќе се дава за:

-вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на РМ за тековната фискална година, согласно Член 51 став 3 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од надлежното министерство.

-вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на општината за тековната фискална година, согласно Член 51 став 3 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување ке даде градоначалникот на општината по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актот за систематизација.

Neni 16

Në pjesën e kompetencave të bartura, pëlqim për punësime të reja në institucionet lokale publike nga fushat e kulturës, arsimit dhe mbrojtjes sociale, që do të financohen me bllok dotacione do të jepen për:

- punësime për të cilat janë siguruar mjete në Buxhetin e RM për vitin rrjedhës fiskal, në pajtim me nenin 51 paragrafi 3 dhe 4 të Ligjit për buxhete, për çka njoftim me shkrim do të jep Ministria për financa, në bazë të kërkesës nga Ministria kompetente.

- punësime për të cilat janë siguruar mjete nga Buxheti i komunës për vitin rrjedhës fiskal, në pajtim me nenin 51 paragrafi 3 dhe 4 të Ligjit për buxhete për çka njoftim me shkrim do të jep kryetari i komunës me mendimin pozitiv paraprakisht të dhënë nga Agjencia për nëpunës shtetërorë të aktit për sistemim.

Член 17

Во случај на боледување подолго од 6 месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Neni 17

Në rast të sëmundjes në periudhë më shumë se 6 muaj dhe në rast të pasojave më të rënda nga fatkeqësitë elementare, në kuptimin e Ligjit për mbrojtje dhe shpëtim, të punësuarit në komunë dhe institucionin publik lokal i paguhet ndihmë në shumë prej një page mesatare mujore të fundit e paguar në organin ku është i punësuar.

Член 18

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа,

Neni 18

Në rast vdekjeje të punësuarit në komunë në institucionin publik lokal, familjes së tij i

на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000,00 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа, во случај на смрт на Член на неговото потесно семјество (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување доколку живееле во заедница), му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеке од 15.000,00 денари.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локалната јавна установа и Членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош.)

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој Член се исплатуваат по предходно доставено барање во тековната, односно наредната година.

Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна а градоначалникот на општината.

Член 19

Надоместокот за трошоците за користење сопствен автомобил за службени цели може да изнесува до 30% од цената на литар гориво за соодветното возило по поминат

takon ndihmë në para në shumë prej dy pagave mujore mesatare të fundit të paguara në organin ku ka qenë i punësuar punëtori, por jo më shumë se 30.000,00 denarë.

Të punësuarit në komunë dhe institucionin publik lokal, në rastin e vdekjes së anëtarit të familjes së tij më të ngushtë (prind, bashkëshort, fëmijë të lindur në kuror ose jashtë kurorës, fëmijët e adoptuar dhe fëmijë të marrë në përkujdesje), nëse ka jetuar në bashkësi i takon ndihmë në para në shumë prej një pagë mesatare të fundit të paguar në organin ku është i punësuar, por jo më shumë se 15.000,00 denarë.

Jeta në bashkësi nënkupton i punësuari në komunë dhe institucion publik lokal dhe anëtari i familjes më të ngushtë, të jenë me vendbanim në adresë të njëjtë që dëshmohet me dokument për identifikim (letërnjoftim ose pasaportë).

Kompenzimet nga paragrafi 1 dhe 2 të këtij neni paguhen sipas kërkesës së paraqitur paraprakisht në vitin vijues, respektivisht në vitin e ardhshëm.

Të gjitha pagesat e kompenzimeve paraprake bëhen në bazë të dokumentacionit të formuar e të kompletuar paraprakisht dhe në bazë të aktvendimit të marë nga ana e kryetarit të komunës.

Neni 19

Kompenzimi për harxhimet e shfrytëzimit të veturës personale për qëllime zyrtare mundë të jetë deri më 30% të çmimit të një litri lëndë djegëse për veturën përkatëse për kilometër të kaluar, llogaritur sipas llojit

километар, сметано според видот на возилото.

Член 20

Дневниците за службено патување во странство се пресметуваат и исплатуваат според прописите што важат за државните органи на управата.

Член 21

За работа подолга од полното работно време се исплатува надоместок во висина од 35% од износот на основната плата и додатокот на плата за звање за државните службеници, а 29% од износот на утврдената плата за останатите работници.

Член 22

За работа во деновите на неделен одмор и во деновите на празници утврдени со Закон, се исплатува надоместок во висина од 5% од износот на основната плата и додатокот на плата за звање за државните службеници, а за останатите работници 29% од износот на утврдената плата за работа во ден на неделен одмор и 42% за работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон.

За работа во три смени (само за деновите кога се работи во втора и трета смена) се исплаќа надоместок во висина од 4% од износот на утврдената плата.

Член 23

При заминување на државен службеник или на работник во пензија се исплатува двократен износ на отпремнина пресметан врз основа на просечната

të lëndës djegëse që shfrytëzon vetura.

Neni 20

Mëditjet për udhëtim zyrtar jashtë vendit llogariten dhe paguhen sipas normave që vlejnë për organet shtetërore të drejtorive.

Neni 21

Për angazhim në punë më shumë se orari i plotë i punës paguhet kompenzim në shumë prej 35% nga shuma e pagës themelore dhe shtesës së pagës për titullin e

nëpunësve shtetëror,kurse 29% nga shuma e pagës së vërtetuar për punëtorët tjerë

Neni 22

